**Јавна установа Национален парк**

**Шар Планина, Република Северна Македонија**

# С Т А Т У Т

## на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија

**Т Е Т О В О, 2022 година**

Врз основа на член 139 став (1) точка 1) од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), Управниот одбор на Јавната установа на Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија на седницата одржана на 29.03.2022 година донесе

# С Т А Т У Т

## на Јавната установа Национален парк Шар Планина,

## Република Северна Македонија

### I. Основни одредби

### I.1. Предмет на уредување

**Член 1**

Со овој статут се уредуваат називот и седиштето на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија, правниот статус и обележјата на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија , внатрешната организација, органите и телата, начинот на остварување на задачите и начинот на вршењето на дејноста на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија, начинот на финансирање на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија, правата и обврските на корисниците на јавните услуги на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија и други прашања од значење за извршување на дејноста и работењето на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија.

## I.2. Назив и седиште

### Член 2

Полниот назив на Јавната установа на македноски јазик е: „Јавна установа Национален парк Шар Планина,Република Северна Македонија" (во понатамошниот текст: Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија).

Полниот назив на Јавната установа на албански јазик е: „Institucioni Publik Parku Kombëtar Mali Sharr, Republika e Maqedonisë së Veriut".

Полниот назив на Јавната установа кој ќе се употребува во меѓународниот правен промет е: „Public Institution National Park Shar Mountain, Republic of North Macedonia".

Скратениот назив на Јавната установа на македонски јазик е: „Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија".

Скратениот назив на Јавната установа на албански јазик е: „I.P.P.K Mali Sharr, Republika e Maqedonisë së Veriut".

Скратениот назив на Јавната установа кој ќе се употребува во меѓународниот правен промет е : „P.I.N.P Shar Mountain, Republic of North Macedonia".

Седиштето на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија е во Тетово, на ул. „Његошева" бр.3 .

## II. Својство на правно лице

### Член 3

Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија е основано од страна на Владата на Република Северна Македонија со Одлука за основање на Јавната установа за управување на Националниот парк Шар Планина („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.175/21).

Дејноста на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија е од јавен интерес.

Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија има својство на правно лице.

Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка.

На организационите единици основани од Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија можат да им се утврдат одделни овластувања во правниот промет, без својство на правно лице, а кои ќе ги вршат во име и за сметка на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија. Овластувањата кои ќе им бидат утврдени и доделени на организационите единици ќе бидат во функција на позитивно делување и функционирање на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија и тоа за заштита и зачувување на природното наследство на Националниот парк Шар Планина и преземање мерки за заштита на утврдените заштитни зони во Националниот парк Шар Планина.

## III.Печат и штембил

### Член 4

Во своето работење Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија употребува печат и штембил.

Печатот има форма на круг со пречник од 55мм и го содржи следниот текст: „Јавна установа НАЦИОНАЛЕН ПАРК ШАР ПЛАНИНА, Република Северна Македонија, Тетово/Institucioni Publik PARKU KOMBËTAR MALI SHARR, Republika e Maqedonisë së Veriut, Tetovë “, а во средината на печатот е грбот на Република Северна Македонија.

Штембилот на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија има форма на правоаголник со димензии 85x35мм и го содржи следниот текст: „Јавна установа НАЦИОНАЛЕН ПАРК ШАР ПЛАНИНА, Република Северна Македонија/Institucioni Publik PARKU KOMBËTAR MALI SHARR, Republika e Maqedonisë së Veriut“, Бр. /Nr. 20_____ год./viti, Тетово/Tetovë.

Со посебен акт на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија се уредува начинот на употреба, ракување и чување на печатот и штембилот на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија.

## IV.Дејности на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија

### Член 5

Претежната дејност на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија е заштита и зачувување на природното наследство преку воспоставување режим на заштита на Националниот парк Шар Планина и преземање мерки за заштита на утврдените заштитни зони во Националниот парк Шар Планина.

Шифрата на дејност на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија е: 92.53-дејност на ботанички и зоолошки градини и други природни резервати.

### Член 6

Со Националниот парк Шар Планина се управува интегрално заради заштита и управување на целата територија на начин со кој се обезбедува:

1) заштита на природните живеалишта од национално и меѓународно значење за културни, научни, воспитно-образовни и туристичко-рекреативни цели;
2) воспоставување стабилност на еколошките процеси и биолошката и пределската разновидност преку трајно зачувување на репрезентативните физичко-географски региони, биоценози, генетски ресурси и видови во автентична состојба;
3) создавање услови за развој на туризмот во согласност со принципот на одржлив развој;

4) остварување на културни, научни, образовни и рекреативни цели, кои во исто време ја одржуваат природната состојба на Националниот парк;
5) одржливо користење на природно богатство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
6) создавање услови и превземање мерки за заштита на националниот парк со цел зачувување и рационално управување со одредени компоненти на биолошката и пределската разновидност како и одржливо и рационално користење на природното богатство;
7) проучување, истражување и со научни методи обработување на прашањата од интерес за заштитата на Националниот парк;
8) водење евиденција и документација за природните и другите вредности и убавини во Националниот парк (положба, степен на загрозеност, мерки за заштита);
9) донесување и спроведување стратегии, програми, планови за управување, услови и мерки за заштита на Националниот парк, превземање мерки за заштита на утврдените зони во националниотпарк;
10) обезбедување, поттик и поддршка на заштитата на Националниот парк преку подигање на јавната свест, а посебно во воспитно образовниот процес;
11) утврдување на компонентите на биолошката и пределската разновидност и нивната загрозеност;
12) воспоставување режим на заштита на Националниот парк;
13) спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во Националниот парк како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување максимално поволни услови за заштита и развој на природата;
14) поттикнување на научноистражувачката работа во обласа на заштитата на Националниот парк;
15) издавање научни и стручни публикации, водичи, дијапозитиви, разгледници и друг информативен и пропаганден материјал за Националниот парк;
16) потикнување и развивање на интерес и однос кон чувањето на Националниот парк преку организирање изложби, прикажување на филмови, предавања и други форми;
17) производство, откуп и продажба на лековити и ароматични растенија, плодови и семиња;
18) изградба на инфраструктура и уредување на извори, чешми, излетнички локалитети и простори за рекреација и др.;
19) вршење заштита, одгледување и отстрел на диви видови животни, како и заштита и собирање на диви видови растенија и габи и други шумски плодови;
20) заштита, одгледување и традиционален риболов на рибниот фонд и
21) вршење и други работи кои придонесуваат за заштита и унапредување на националниот парк.

**Член 7**

Заради уредување и користење на просторот на Националниот парк Шар Планина се донесува просторен план во согласност со Законот за урбанистичко планирање.

**Член 8**

Непосредната заштита на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, ја спроведува чуварската служба формирана од Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, согласно член 108 од Законот за заштита на природата и член 14 од Законот за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк.

Чуварите во Националниот парк Шар Планина ги назначува директорот на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија.

При спроведувањето на заштитата припадниците на чуварската служба работат според овластувањата утврдени во Законот за заштита на природата.

## V. Организациони единици

**Член 9**

Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија за вршење на одделни работи или за вршење на дејноста на определено подрачје, може да основа организациони единици со права и обврски утврдени со актот за внатрешна организација во согласност со овој статут.

Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, може да основа организациони единици како подружници, во согласност со Законот за установите.

## VI. Управување со Јавната установа

**Член 10**

Органи на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија се:

1) Управен одбор;

2) Работоводен орган;

3) Стручен колегијален орган и

4) Одбор за контрола на материјално-финансиско работење.

## VII. Управен одбор

**Член 11**

Управниот одбор го сочинуваат пет члена, од кои двајца се претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање, еден е претставник на општините Јегуновце, Теарце, Тетово, Боговиње, Врапчиште, Гостивар, Маврово и Ростуше и двајца се претставници на Стручниот колегијален орган на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија.

Членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

Функцијата член на Управниот одбор на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија е неспоива со вршење на друга јавна функција.

Членовите на Управниот одбор за својата работа примаат надомест за дневни и патни трошоци за учество во работата на Управниот одбор.

**Член 12**

(1) Управниот одбор на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија ги врши следните работи:

1) донесува Статут на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија;
2) донесува План за управување со Националниот парк Шар Планина и Годишни програми за заштита на природата, кои служат за реализација на Планот за управување со Националниот парк Шар Планина, како и други акти на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија и го следи нивното извршување;
3) од редот на своите членови избира претседател;
4) распишува јавен оглас за избор на директор на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија ;
5) предлага на Владата на Република Северна Македонија разрешување на работоводниот орган;
6) донесува Посебна програма за вонредни услови;
7) ја утврдува висината на надоместоците пропишани во член 22 од овој статут;
8) решава по жалбата од член 18 на овој статут;
9) донесува Правилник за внатрешен ред;
10) донесува одлука за давање под закуп на објекти и опрема;

11) донесува акт за внатрешна организација на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија;

12) го донесува годишниот план за вработување;

13) утврдува годишен финансиски план и донесува годишна завршна сметка;

14) донесува одлука за проширување на дејноста на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија;

15) донесува правилник за својата работа;

16) формира Научен совет по предлог на директорот и

17) врши и други работи утврдени со закон, Одлуката за основање на Јавната установа за управување на Националниот парк Шар Планина и овој статут.

(2) Мандатот на членовите на Управниот одбор трае четири години.

**Член 13**

Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, работењето во вонредни услови го врши согласно Посебна програма за вонредни услови, која ја донесува Управниот одбор, во услови на утврдено постоење на вонредна состојба.

**Член 14**

Правата и обврските на корисниците на јавните услуги во Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, се утврдуваат во Правилникот за внатрешен ред.

## VIII. Директор

**Член 15**

Со Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, раководи работоводен орган – директор.

Директорот на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија ги врши следните работи:

1) ја претставува и застапува Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, кон трети лица;

2) го организира и раководи процесот на трудот;

3) го води работењето на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија;

4) самостојно донесува одлуки во рамките на своите надлежности;

5) ги предлага основите на Програмата за работа и Планот за развој и превзема мерки за нивно спроведување;

6) ги извршува одлуките на Управниот одбор;

7) ја предлага организацијата на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија;

8) ги избира и разрешува раководните работници, одлучува за распоредување на работници на определени работи и задачи;

9) на Управниот одбор му поднесува извештај за резултатите од работењето на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија ;

10) одговорен е за законитоста на работата на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија;

11) ги назначува чуварите во Националниот парк Шар Планина;

12) ги именува и разрешува членовите на Стручниот колегијален орган на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија;

13) формира работни групи за изработка на Нацрт општите акти,

14)формира Совет на засегнати страни;

15)доставува предлог до Управниот одбор за формирање на Научен совет и

16) врши и други работи утврдени со закон.

Функцијата директор на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија е неспоива со вршење на друга јавна функција.

**Член 16**

Директорот на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, го именува Владата на Република Северна Македонија по пат на јавен оглас.

Мандатот на директорот трае четири години.

Јавниот оглас за именување на директор се распишува најдоцна три месеци пред истекот на рокот, за кој директорот бил именуван.

**Член 17**

Времетраењето на јавниот оглас за избор на директор на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, не може да биде пократко од 30 дена.

Како кандидат за директор може да се јави лице кое ги исполнува условите утврдени согласно член 141 од Законот за заштита на природата .

Изборот на кандидатот за директор го врши Управниот одбор во рок од 30 дена од последниот ден определен за пријавување, а Владата на Република Северна Македонија го именува.

Ако на огласот не се јави никој или ако Управниот одбор на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија , не избере директор од предложените кандидати, се распишува нов јавен оглас.

Во случаите од став 4 на овој член, Управниот одбор на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, без јавен оглас ќе именува вршител на должноста директор кој може да ја врши должноста до именување на директор, а најдолго шест месеци од денот на неговото именување.

Вршителот на должноста ги има сите права и должности на директор.

**Член 18**

Директорот може да биде разрешен пред истекот на времето за кое бил именуван:

1) на негово барање;

2) ако настане некоја од причините поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос по сила на закон;

3) ако не работи и постапува согласно закон, Статутот и актите на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија или неоправдано не ги спроведува Одлуките на Управниот орган и на Стручниот колегијален орган на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија или постапува во спротивност со нив;

4) ако со својата несовесна и неправилна работа и предизвика на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, значителна штета или ако ги занемарува или не ги извршува своите обврски и поради тоа ќе настанат или можеле да настанат потешки нарушувања во извршувањето на дејноста на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија и

5) ако го попречува или на друг начин го оневозможува остварувањето на правата и обврските на корисниците на јавните услуги.

Управниот одбор пред поднесувањето на предлог за разрешување до Владата на Република Северна Македонија го запознава директорот за причините за разрешувањето и му дава можност да се изјасни по нив.

Разрешениот директор може да поднесе жалба во рок од седум дена од денот на разрешувањето до Управниот одбор.

Жалбата не ја запира од извршување Одлуката за разрешување. Одлуката се применува од денот на нејзиното донесување и веднаш се запишува во Централен регистар на Република Северна Македонија.

## IX. Одбор за контрола на материјално-финансиско работење

**Член 19**

Заради вршење на контрола на материјално-финансиското работење на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, се формира Одбор за контрола на материјално-финансиско работење, од претседател и три членови.

Претседателот и членовите на Одборот од став 1 на овој член, ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

За претседател и членови на Одборот од став 1 на овој член, може да се именуваат лица кои не се во работен однос со Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија и кои имаат високо образование и поседуваат искуство од областа на финансиското и сметководственото работење.

Одборот за материјално-финансиско работење задолжително ги прегледува финансискиот план и завршните годишни сметки на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија и своето мислење го доставува до Управниот одбор.

Претседателот и членовите на Одборот од став 1 на овој член, за својата работа примаат надомест на дневни и патни трошоци за учество во работата на Одборот.

## X. Стручен колегијален орган

**Член 20**

Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, има Стручен колегијален орган, составен од директорот и четири членови.

Членовите на Стручниот колегијален орган од став 1 на овој член, ги именува и разрешува директорот на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија .

За членови на Стручниот колегијален орган од став 1 на овој член, може да се именуваат лица кои се во работен однос во Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија и кои имаат високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и имаат работно искуство од минимум пет години.

Стручниот колегијален орган ги врши следните работи:

1) одговорен е за стручната работа на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија;

2) одлучува за стручните прашања во рамките на овластувањата утврдени со закон, статутот и другите акти на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија;

3) утврдува стручни основи за програмата за работа и нејзиниот развој;

4) му дава мислење и предлози на директорот во поглед на организацијата на работата и условите за работа и развој на дејноста;

5) предлага претставници во Управниот одбор според принципите на стручност и компетентност;

6) подготвува и предлага Посебна програма за вонредни услови;

7) организира и обезбедува спроведување на Програми за обука на чуварската служба, за справување со пожари и други природни катастрофи и
8) врши други работи утврдени со закон и овој статут.

**Член 21**

Заради ефикасно управување со Националниот парк Шар Планина, директорот во рок од три месеци од неговото именување формира Совет на засегнатите страни.

Управниот одбор формира Научен совет во рок од три месеци од именувањето на неговите членови, по предлог на директорот.

## XI.Финансирање на дејноста на J.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија

**Член 22**

Средствата за тековно работење на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, се обезбедуваат во согласност со Законот за заштита на природата и други извори определени со закон и овој статут.

**Член 23**

Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија се финансира од:

1) надоместок за влез и посета на Националниот парк;

2) надоместок за паркирање во Националниот парк;

3) надоместок за посета на посебни објекти во Националниот парк;

4) надоместок за собирање на диви видови растенија габи и животни и нивни делови и одржливо користење на природните ресурси (управување со шумските живеалишта и екосистеми во Националниот парк и сл.);

5) надоместок за престој во Националниот парк;

6) средства стекнати за вршење на активности согласно членовите 105 и 106 од Законот за заштита на природата;

7) надоместок за вршење на дејност или активност во Националниот парк;

8) надоместок за пловидба во Националниот парк;

9) надоместок за употреба на лого на Националниот парк на производи и услуги за комерцијална употреба;

10) надоместок од екосистемски услуги;

11) Буџетот на Република Северна Македонија;

12) буџетот на општините Јегуновце, Теарце, Тетово, Боговиње, Врапчиште, Гостивар, Маврово и Ростуше и

13) други извори (донации, грантови, кредити, обновливи кредити, подароци, легати и др.) под услови утврдени со закон и Одлуката за основање на Јавната установа за управување на Националниот парк Шар Планина.

**Член 24**

Средства за инвестициона изградба на објекти и инсталации (опрема), наменети за вршење на дејноста на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија можат да се стекнат и од средства вложени од странски правни и физички лица, како и од средства од меѓународни кредити во согласност со закон.

**Член 25**

Имотот на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија го сочинуваат недвижниот имот и другите средства на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, освен средствата стекнати од легати, наменски прилози, подароци и завештание.

Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија самостојно управува со имотот и ги користи предметите, финансиските средства и другите материјални права потребни за вршење на дејноста, под услови и на начин определени со закон.

Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија ако престане со работа имотот, средствата и приходите што остануваат по исполнување на обврските ѝ припаѓаат на Владата на Република Северна Македонија.

Имотот, средствата и приходите што остануваат по намирување на обврските, а кои Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија ги стекнала со донација, му припаѓаат на донаторот под услови утврдени со закон, овој статут и актот за донација.

## XII. Вработени

**Член 26**

Вработените во Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија имаат статус на административни службеници и помошно -технички персонал.

Административните службеници ќе бидат вработените во стручната служба кои вршат работи од административна природа и истите правата и обврските од работен однос ќе ги остваруваат согласно Законот за административните службеници.

Помошно-техничкиот персонал ќе бидат вработените кои вршат работи на обезбедување, одржување, вршење на превоз, работа во кујна или хотелско-угостителски објекти, како и други помошни и технички работи со кои се овозможува непречно работење на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија и истите

правата и обврските од работен однос ќе ги остваруваат согласно Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

## XIII.Јавност во работата

**Член 27**

Дејноста на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија е од јавен интерес и се заснова на одговорност и отвореност пред јавноста.

Седниците на органите на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија се јавни и достапни.

По исклучок од став 2 на овој член  кога на седниците на Управниот одбор се расправа за прашања кои претставуваат класифицирани информации со степен на класификација согласно Законот за класифицирани информации (*), со одлука на Управниот одбор, јавноста може да биде изземена.

Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија има веб страница на која се објавуваат Статутот и другите акти кои ги донесуваат директорот и Управниот одбор на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија.

Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија може да издава гласило со одлука на Управниот одбор на предлог на директорот на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија.

## XIV. Преодни и завршни одредби

**Член 28**

Општите акти утврдени со овој статут ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој статут.

**Член 29**

Овој статут влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 02-71/1 Претседател на Управен одбор на

29.03.2022 година Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија

Неби Реџепи